РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 02-279/5
01 03 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 01.03.2019 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна /вонредна / испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти на прв циклус на студии**

I. По барања на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје заведени под бр. 09-9/122 од 07.02.2019 година и бр. 09-9/177 од 20.02.2019 година, се одобрува дополнителна /вонредна/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти кои студираат на прв циклус на студии, со административен надомест од 1.000,00 денари по испит.

II. Студентот кој во три последователни испитни рока (зимски, летен и есенски испитен рок) не го положил испитот, истиот предмет го презапишува.

III. Дополнителната /вонредна/ испитна сесија ќе се спроведе во период од 1 до 12 април 2019 година, согласно распоредот за полагање објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи и од страна на предметните наставници.

IV. Студентот кој ќе полага испит/и во дополнителната /вонредна/ испитна сесија е должен да достави пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот во период од 11 до 15 март 2019 година, согласно распоред за пријавување објавен од страна на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи.

V. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VI. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

ДЕКАН,
Проф.д-р Горан Коевски

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Правен факултет "Јустинијан Први" * СКОПЈЕ * Република Македонија